**Известување за концентрација со која Отто ГмбХ и Ко. КГаА Хамбург Германија стекнува контрола над Хермес Германија ГмбХ Хамбург Германија (предмет бр. 08-154/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), на ден 28.10.2025 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Отто ГмбХ и Ко. КГаА Хамбург Германија, со седиште на Вернер-Отто-Штрасе 1-7, 22179 Хамбург Германија стекнува контрола над Хермес Германија ГмбХ Хамбург Германија, со седиште на Ессенер Страссе 89, 22419, Хамбург Германија.

Отто моментално поседува (индиректно) 75% од акциите и заедничката контрола во Хермес Германија. Останатите 25% од акциите во Хермес Германија и заедничката контрола моментално ги држи АИ Концерт (Луксембург) Топ Холдинг ГРМ С.а.р.л. (*AI Concert (Luxembourg) Top Holding GRM S.à.r.l.*), кој е индиректно единствено контролиран од фондови управувани и/или советувани од Адвент Интернационал Л.П. (*Advent International L.P.*) и/или неговите поврзани друштва.

Учесниците наведуваат дека заедничката контрола наведена погоре е одобрена со одлуката на Комисијата бр. 08-78 од 23 Септември 2020 година.

На 24 октомври 2025 година Отто ја искористи опцијата за купување предвидена во Договорот за уредување на односите на акционерите во однос на Хермес Германија (релевантен за Претходната трансакција) ("СХА Германија") и да ги врати преостанатите 25% од акциите од АИ Концерт (*Луксембург*) Топ Холдинг ГРМ С.а.р.л. (*AI Concert (Luxemburg) Top Holding GRM S.à.r.l.*), а со тоа и единствената контрола врз Хермес Германија од Адвент. По завршувањето на Предложената трансакција, АИ Концерт (*Луксембург*) Топ Холдинг ГРМ С.а.р.л. (*AI Concert (Luxemburg) Top Holding GRM S.à.r.l.*)повеќе нема да поседува акции во Хермес Германија.

Отто е холдинг компанија за различните компании во рамки на групацијата на компании Отто ("Групација Отто"). Групацијата Отто е глобална групација за трговија и услуги. Компаниите во рамки на Групацијата Отто работат во три сегменти: Мултиканална малопродажба, Финансиски услуги и Услуги.

Групацијата Отто има еден субјект регистриран во Северна Македонија – ЕОС МАТРИЦ ДООЕЛ Скопје, со регистрирана адреса на Булевар Илинден 109, локација 6, Карпош, Скопје, Северна Македонија, со ЕМБС 5754704 и регистрирана дејност - Дејности на агенциите за собирање и наплата на сметки и кредитни канцеларии.

Хермес Германија е активно во секторот за достава на пакети (пакети со тежина помала од 31,5 кг). Хермес Германија има силен фокус на секторот бизнис-до-потрошувач (B2C) за домашни испораки (приближно 84% од вкупниот промет) и ограничени активности во домашните испораки од потрошувач до потрошувач/бизнис (C2X) (приближно 11% од вкупниот промет). Покрај тоа, Хермес Германија нуди и услуги за шпедиција во ограничена мера во својот деловен сегмент „Патен транспорт“, имено услуги за патен транспорт помеѓу магацините на клиентите на Хермес Германија (околу 5% од вкупниот промет). Конечно, Хермес Германија нуди и услуги за сортирање за одреден клиент во занемарлива мера (помалку од 1% од вкупниот промет).

Хермес Германија и неговите поврзани друштва не се присутни и не генерираат никаков промет во Северна Македонија.

Според подносителот, предложената трансакција се однесува на услуги за достава на пакети со пратки со тежина помала од 31,5 кг, што се разликува од услугите за превоз и шпедиција.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

05.11.2025 година
Скопје